**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр. 02-279/5 Дата: 01.03 2022 година

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.С.Македонија бр.82/18 и 178/21), член 70 од Статутот на Економскиот факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр.444/2019 и 526/2020), член 98 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв и на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр,417/2019) и член 32 од Правилата за студирање на прв и на втор циклус студии на Економскиот факултет – Скопје (Универзоитетски гласник бр.564/21), Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден: 25.2.2022 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

Со оваа одлука се определува дека:

1. Студентите на втор циклус студии кои се запишани на едногодишни или двегодишни студиски програми на: Сметководство и ревизија или Економски развој и меѓународни финансии, **пред учебната 2016/2017 година,** или кои се запишани на едногодишни или двегодишни студиски програми на: Е-бизнис менаџмент, МБА менаџмент, Маркетинг, Европски студии, Монетарна економија, финансии и банкарство, Управување со јавниот сектор, Менаџмент во осигурувањето, Статистички методи за бизнис и економија **пред учебната 2017/2018 година**, а кои: **1.** не ги положиле предметите предвидени со студиската програма; **2.** кои не поднеле теза за изработка на магистерски труд или **3.** кои поднеле тези за изработка на магистрерски труд, а им поминале роковите за негова изработка, можат да го продолжат студирањето доколку се префрлат на акредитирана студиска програма започнувајќи од учебната 2016/2017 година или 2017/2018 или 2021/2022 година или 2022/2023 година, притоа почитувајќи ги условите и правилата за студирање предвидени со студиската програма на којашто се префрлуваат и во согласност со роковите за нивно завршување утврдени со оваа одлука.

2. Студентите на втор циклус студии кои се запишале на едногодишните студиски програми на: Сметководство и ревизија или Економски развој и меѓународни финансии помеѓу учебната 2016/2017 година и учебната 2020/2021 година, имаат право да ги полагаат испитите најдоцна до завршување на учебната 2022/2023 година. Доколку студентите не ги положат испитите во предвидениот рок, студирањето може да го продолжат според новоакредитирана студиска програма.

Студентите на втор циклус студии кои се запишале на едногодишните студиски програми на: Сметководство и ревизија или Економски развој и меѓународни финансии помеѓу учебната 2016/2017 година и учебната 2020/2021 година, имаат право да поднесат тези за изработка и одбрана на магистерски труд најдоцна до 30.9.2024 година. После 30.9.2024 година, студентот го губи правото да поднесе тези за изработка и одбарана на магистерски труд на студикската програма на којашто се запишал, а студирањето може да го продолжи според новоакредитирана студиска програма.

3. Студентите на втор циклус студии кои се запишале на двегодишната студиска програма на Сметководство и ревизија, помеѓу учебната 2016/2017 и учебната 2020/2021 година, имаат право да ги полагаат испитите најдоцна со завршување на учебната 2024/2025 година. По завршување на учебната 2024/2025 година, овие студенти не можат да ги продолжат студиите на студиската програма на која што се запишале.

Студентите на втор циклус студии кои се запишале на двегодишната студиска програма на Сметководство и ревизија, помеѓу учебната 2016/2017 и учебната 2020/2021 година, имаат право да поднесат тези за изработка и одбрана на магистерски труд најдоцна до 30.9.2026 година. По 30.9.2026 година, студентот го губи правото да поднесе тези за изработка и одбарана на магистерски труд на студиската програма на која што се запишал.

Двегодишната студиска програми на Сметководство и ревизја, акредитирана помеѓу учебната 2016/2017 и 2020/2021година, нема повторна акредитација во учебната 2021/2022 година.

4. Студентите на втор циклус студии кои се запишале на едногодишните студиски програми на: Е- бизнис менаџмент, МБА менаџмент, Маркетинг, Европски студии, Монетарна економија, финансии и банкарство, Управување со јавниот сектор, Менаџмент во осигурувањето, Статистички методи за бизнис и економија, Стратегиски менаџмент на човечки ресурси, помеѓу учебната 2017/2018 и учебната 2021/2022 година или на Корпоративен финансиски менаџмент помеѓу учебната 2018/2019 и учебната 2021/2022 година, имаат право да ги полагаат испитите најдоцна со завршување на учебната 2023/2024 година. Доколку студентите не ги положат испитите во предвидениот рок, студирањето можат да го продолжуваат според новоакредитирана студиска програма.

Студентите на втор циклус студии кои се запишале на едногодишните студиски програми на: Е- бизнис менаџмент, МБА менаџмент, Маркетинг, Европски студии, Монетарна економија, финансии и банкарство, Управување со јавниот сектор, Менаџмент во осигурувањето, Статистички методи за бизнис и економија, Стратегиски менаџмент на човечки ресурси, помеѓу учебната 2017/2018 и учебната 2021/2022 година или на Корпоративен финансиски менаџмент помеѓу учебната 2018/2019 и учебната 2021/2022 година, имаат право да поднесат тези за изработка и одбрана на магистерски труд најдоцна до 30.9.2025 година. По 30.9.2025 година, студентот го губи правото да поднесе тези за изработка и одбарана на магистерски труд на студиската програма на којашто се запишал, а студирањето може да го продолжи според новоакредитирана студиска програма.

5. Студентите на втор циклус студии кои се запишале на двегодишните студиски програми на: Монетарна економија, финансии и банкарставо, Е-бизнис менаџмнет и Стратегиски менаџмнет на човечки ресурси, помеѓу учебната 2017/2018 и учебната 2021/2022 година, имаат право да ги полагаат испитите најдоцна до завршување на учебната 2025/2026 година. По завршување на учебната 2025/2026 година, студентите на студиската програма по Е-бизнис можат да ги продолжат студиите според студиската програма на која што се запишале. По завршување на учебната 2025/2026 година, студентите на студиската програма Монетарна економија,

финансии и банкарство, Стратегиски менаџмнет на човечки ресурси, не можат да ги продолжат студиите според студиската програма на која што се запишале.

Студентите на втор циклус студии кои се запишале на двегодишните студиски програми на: Монетарна економија, финансии и банкарство, Е-бизнис менаџмнет и Стратегиски менаџмент на човечки ресурси, помеѓу учебната 2017/2018 и учебната 2021/2022 година, имаат право да поднесат тези за изработка и одбрана на дипломски труд најдоцна до 30.9.2027 година. По 30.9.2027 година, студентите на студиската програма Е-бизнис, можат да ги продолжат студиите според студиската програма на која што се запишале. По 30.9.2027 година, студентите на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, Стратегиски менаџмент на човечки ресурси, не можат да ги продолжат студиите според студиската програма на која што се запишале.

Двегодишните студиски програми на: Монетарна економија, финансии и банкарство и Стратегиски менаџмент на човечки ресурси, акредитирани помеѓу учебната 2017/2018 година и 2021/2022 година, немаат повторна акредитација, во учебната 2022/2023 година.

6. Студентите кои се запишни на студиски програми кои не се повторно акредитирани, доколку не ги завршат обврските во предвидените рокови, можат да се префрлат на некоја од акредитираните студиски програми.

7.Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Со денот на донесување на оваа одлука престануваат да важат претходно донесените одлуки со кои беа определни роковите за завршување на студиите на втор циклус студии.

ДЕКАН

------------------------------

Проф. д-р Предраг Трпески

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *